Здружение на новинарите на Македонија

BALKAN CIVIL SOCIETY
DEVELOPMENT NETWORK

Sida




# Анализа:

# СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ И БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ ВО РСМ НИЗ ПРИЗМАТА НА ПОСТОЈНИТЕ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА

## - Како до подобри решенија?

Скопје, 2021

# АНАЛИЗА:

# Слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во РСМ низ призмата на постојните законски решенија

# - КАКО ДО ПОДОБРИ РЕШЕНИЈА?

## ИМПРЕСУМ

**Наслов**
Анализа: Слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во РСМ низ призмата на постојните законски решенија – Како до подобри решенија?

**Издавач**
Здружение на новинарите на Македонија

**Проект**
Унапредување на дијалогот помеѓу новинарските здруженија и парламентите од Западен Балкан за посилен граѓански сектор

**Лектор**
Маја Катарова Апостолова

**Графички дизајн**
Графотрејд доо Скопје

**Печати**
Графотрејд доо Скопје

**Тираж**
50

Овој документ е подготвен во рамките на проектот „Заштита на граѓанскиот простор – Регионален центар за развој на граѓанското општество", финансиран од страна на Сида и спроведуван од страна на БЦСДН.

Содржината на овој документ и презентираните информации и ставови не ги претставуваат официјалните ставови и мислења на Сида и БЦСДН. Одговорноста за информациите и ставовите изразени во овој документ е во целост на авторот / авторите.

Скопје, 2021

## СОДРЖИНА


1. **Вовед** . . . . . . . . . . 7

2. **Кривичен законик** . . . . . . . . . . 9
   2.1. Неефикасни законски решенија и институционални ограничувања . . . . . . . . . . 10

3. **Медиумска регулатива – слободата и независноста на аудиовизуелните медиуми** . . . . . . . . . . 18
   3.1. Закон за АВМУ – државното рекламирање закана за уредувачката политика . . . . . . . . . . 19
   3.2. Нарушена финансиска независност е нарушување на слободата на МРТ . . . . . . . . . . 21

4. **Изборен законик** . . . . . . . . . . 23
   4.1. Јавни средства за партиско-политички кампањи . . . . . . . . . . 24
   4.2. Недостигаат критериуми за интернет-порталите . . . . . . . . . . 25

5. **Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда** . . . . . 27
   5.1. Предвидено намалување на износите за надомест на штета . . . . . . . . . . 27

6. **Организациска поставеност на Медиумската информативна агенција – МИА** . . . . . . . . . . 31

7. **Закон за авторски права и сродни права** . . . . . . . . . . 32
   7.1. Заштита на новинарските авторски трудови . . . . . . . . . . 33
   7.2. Колективно управување со авторските права . . . . . . . . . . 35
   7.3. Потребно унапредување на судската пракса . . . . . . . . . . 36

8. **Закон за медиуми** . . . . . . . . . . 37
   8.1. Интернет-медиумите и законската рамка во која функционираат . . . . . . . . . . 38

9. **Позитивни практики** . . . . . . . . . . 41

10. **Заклучок** . . . . . . . . . . 44

Користена литература . . . . . . . . . . 51

Закони . . . . . . . . . . 54

Интервјуа . . . . . . . . . . 55

# 1. ВОВЕД

Анализата има за цел да ја претстави постојната законска рамка што се однесува на медиумските слободи и на безбедноста на новинарите во Северна Македонија, при што се стреми да ги идентификува законските недоследности и институционалните пречки, меѓутоа и добрите практики, механизми и иницијативи во однос на овие аспекти во медиумската сфера.

Генерално, медиумскиот амбиент во Република Северна Македонија, во последните неколку години е подобрен, иако недостасуваат системски законски решенија што ќе придонесат кон ефикасна реформа и напредок на медиумската сцена на долг рок. Во 2021 година, земјата е рангирана на 90-то место на Индексот за слободата на медиумите на меѓународната организација Репортери без граници.[1] Иако ова претставува мал напредок во споредба со претходната година, Извештајот оценува дека ситуацијата со медиумите е влошена, владините претставници продолжиле да се закануваат и да упатуваат навреди кон медиумите, додека интернет-заканите и вербалните напади врз новинарите се во пораст на социјалните мрежи,[2] откако во 2018 и во 2019 година беа регистрирани релативно низок број случаи. Извештајот забележува дека политиката на неказнивост продолжи да биде пракса и во 2020 година,[3] а во прилог на тоа е податокот дека ЗНМ регистрирало само еден случај на закана кон новинар што има првостепена пресуда.[4]

Во 2020 година, особено на мета беа новинарките, а најголем број напади беа забележани во онлајн-сферата. Институциите се инертни и недоволно ажурни при процесирањето случаи и предмети во кои се вклучени медиумски професионалци. И покрај забраната за државно рекламирање, јавните средства сѐ уште имаат голем удел на медиумскиот пазар, како преку буџетските пари што им се префрлаат на медиумите за политичко-партиското рекламирање

---

[1] Репортери без граници (2020) Индекс на слободата на медиумите, https://rsf.org/en/north-macedonia.

[2] Ибид.

[3] Ибид.

[4] 360 степени (2020) „Емил Јакимовски доби затвор од 20 месеци и задолжително лекување во Бардовци", 16.03.2020, https://360stepeni.mk/emil-jakimovski-dobi-zatvor-od-20-mesetsi-i-zadolzhitelno-lekuvane-vo-bardovtsi/.

во изборните кампањи, така и преку средствата што општините ги алоцираат во медиумите по разни основи. Медиумската заедница континуирано предупредува за опасноста од нарушување на независната уредувачка политика, слободата на медиумите и слободата на изразувањето на новинарите.

Државата има обврска да обезбеди политички, општествен и медиумски амбиент, кој ќе овозможи и ќе поттикнува слободни медиуми, инклузивна дебата и учество во одлучувањето. Во таа насока, новинарските и медиумските здруженија посочуваат на потребата од измени или дополнувања во повеќе закони што содржат одредби што се однесуваат на новинарите и на медиумските работници, со што би се овозможила нивна ефективна заштита при извршувањето на професионалните обврски. На тој начин и институциите би добиле поголеми надлежности, со што ќе се овозможи нивна поголема ангажираност, ажурност и ефикасност при процесирањето случаи во кои е загрозена безбедноста на новинарите и медиумските професионалци.

**Во анализата ќе се разгледуваат одредбите во шест закони што се однесуваат на следните три аспекти: 1) безбедноста на новинарите и на медиумските професионалци; 2) слободата и независноста на медиумите и слободата на изразување на новинарите; 3) општи одредби во законите што влијаат врз работата на новинарите и на медиумските професионалци и функционирањето на медиумите**.

Ќе бидат наведени и позитивни примери од практиката како насоки за натамошно подобрување на состојбата во врска со овие теми важни за развојот на медиумската сфера. Наодите од анализата треба да послужат за застапување пред носителите на одлуки за унапредување на законските решенија, со што би се подобриле безбедноста на новинарите и медиумските слободи. На тој начин би се унапредил дијалогот меѓу пратениците, институциите, граѓанските организации и другите клучни актери со цел подобрување на медиумските слободи и слободата на изразувањето. На новинарските организации ќе им се овозможи суштинско учество во процесите на одлучување и влијание врз одлуките, во корист на новинарите и на медиумските професионалци.

Анализата вклучува деск-истражување на публикации, извештаи на домашни медиумски и граѓански организации, на меѓународни организации, како и на секундарни податоци што се однесуваат на темата. За потребите на анализата беа направени шест длабински полуструктурирани интервјуа: со претставници на Министерството за правда, со Јавното обвинителство, со медиумски професионалци (2) и со медиумски експерти (2). Истражувањето беше спроведено во периодот март-април 2021 година.

На почетокот од анализата ќе се разгледуваат одредбите од Кривичниот законик, кои ги ограничуваат институциите да постапуваат по службена должност кога се нарушени правата на новинарите и на медиумските професионалци, а ќе бидат претставени и измените што ги предлага Министерството за правда. Понатаму ќе се анализираат Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Изборниот законик и Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда што содржат решенија што може да влијаат врз независноста на медиумите и врз нивната уредувачка политика, како и врз слободата на изразување на новинарите. Со оглед на фактот дека основач на Медиумската информативна агенција-МИА е Владата, во анализата ќе биде даден краток осврт од аспект на можните влијанија на институциите врз слободата и независноста на медиумот. Анализата на законите завршува со Законот за авторско право и сродни права и Законот за медиуми, кои содржат одредби што се однесуваат на други права и услови за работа на новинарите и медиумските професионалци и функционирањето на медиумите. По ова следуваат механизми, иницијативи и позитивни практики поврзани со безбедноста на новинарите и слободата на медиумите, а во завршниот дел се содржани заклучоците и препораките од анализата.

## 2. КРИВИЧЕН ЗАКОНИК

Медиумската заедница во изминатите години, во континуитет предупредува на недоследностите или неефикасните решенија во Кривичниот законик што ги ограничуваат можностите за заштита на новинарите и на медиумските работници при професионалното извршување на своите обврски, а дополнителен проблем претставува инертноста и непостапувањето на надлежните

институции во случаите кога се загрозени правата и безбедноста на новинарите и на медиумските професионалци.

И меѓународните институции предупредуваат дека насилството и заканите врз новинарите остануваат голем проблем во земјава. Стејт департментот, во 2021 година, констатираше дека „културата на неказнивост е вкоренета и сѐ уште претставува пречка за безбедноста на новинарите. Бројот на физички напади врз новинарите се намали, но постои растечка тенденција на онлајн-насилство и вербални злоупотреби.“[5]

Европската комисија, во извештајот од 2020 година, истакнува дека „земјата треба да обезбеди брзо и ефикасно следење на сите случаи на физичко и вербално насилство врз новинари преку примена на законот и од страна на судските органи“.[6] Според ЕК, потребна е подобра координација меѓу различни институции со цел да се дејствува бргу по пријавените прекршувања, а политичарите и официјалните лица треба да демонстрираат повисоко ниво на толеранција кон критиките и да ја промовираат слободата на изразувањето.

## 2.1. Неефикасни законски решенија и институционални ограничувања

Во 2020 година, ЗНМ регистрирало 14 посериозни закани кон новинари и медиумски работници во најголем дел упатени преку социјалните мрежи, а во два случаи станувало збор за физички напади. За споредба, во 2019 година, ЗНМ регистрираше – 4, а во 2018 само 3 закани и напади. Од 2015 до 2020 година, ЗНМ има забележано вкупно 75 случаи на напади врз новинари или медиумски работници од најразличен вид.

Притоа, осум од нападите во 2020 година беа насочени кон новинарки.[7] На новинарките Мери Јордановска и Искра Коровешовска,

[5] US Department of State (2020) „2020 Country Report on Human Rights Practices: “, 30.03.2021, https://www.state.gov/reports/2020-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/

[6] European Commission (2020) „North Macedonia 2020 Report“, : EC, 6.10.2020, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf

[7] Богданов, К., Брешковски, И. и Секуловски, Д. (2020) „Подобрување на безбедноста на новинарите преку измена на Кривичниот законик“, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3slkLHA

преку социјалните мрежи, им се закануваше државен службеник, воедно и член на политичка партија. Ова беше единствениот случај што имаше епилог во 2020 година, со оглед на фактот што Министерството за внатрешни работи (МВР) и Јавното обвинителство (ЈО) реагираа бргу и во рок од еден месец заканувачот беше казнет со казна затвор од 20 месеци. Оваа експедитивност на истражните органи е повеќе исклучок отколку правило. Од 14 случаи во текот на 2020 година, ОЈО оформило седум предмети, во кои како оштетен субјект или жртва се јавува новинар како лице што врши работи од јавен интерес, а три поплаки и прекршоци биле во надлежност на МВР. [8]

Новинарските здруженија долго време предупредуваат на законските недостатоци во Кривичниот законик, како *резултат на што надлежните институции не можат да постапуваат* по службена должност во дела во кои се повредени правата на новинарите и медиумските професионалци. Основното и Вишото јавно обвинителство, како и МВР се критикувани дека се инертни или не постапуваат по пријавите поднесени од ЗНМ, од новинари или по допрен глас.

Образложението од ЈО за отфрлањето на поднесените кривични пријави од новинари беше дека се работи за кривично дело што не се гони по службена должност, а новинарите можат да поднесат приватна тужба. Обвинителството, според постојниот Закон, може да гони сторители на кривични дела, кои се процесираат само по службена должност. Од ОЈО објаснуваат дека се соочуваат со објективни и субјективни проблеми што се одразуваат на динамиката на постапувањето на сите предмети, вклучително и оние во кои како оштетени се јавуваат новинарите.

> *„За да може обвинителството да постапува за кривични дела, новинарите треба задолжително, веднаш да пријават во МВР, за да се обезбедат доказите од 'лице место' ... за потоа МВР да може да пристапи кон утврдување на идентитетот на сторителот на кривичното дело ... и со обезбедените докази да поднесе кривична пријава до Обвинителството. Јавното*

[8] ОЈО (2020) „Информација за оформени предмети во кои како оштетен субјект или жртва се јавува новинар", 6.10.2020.

*обвинителството, согласно позитивните прописи, може да отвори кривична постапка само кон познат сторител на кривично дело“, се вели во дописот од Јавниот обвинител Сашо Рајчев испратен до ЗНМ.*[9]

**Истиот услов важи и за кривични дела сторени преку социјалните мрежи, поради што обвинителството треба да го утврди идентитетот на имателот на профилот, што не е секогаш едноставно. На пример, кога постои сомневање за сторено кривично дело преку профил на Фејсбук, чие седиште е во Калифорнија, САД, обвинителството преку МВР испраќа писмено барање до компанијата за да се утврди имателот на профилот, од каде што честопати нема одговор или се упатува да се побараат податоци преку меѓународна правна помош. Но, и во тие случаи, најчесто не се добиваат податоци за имателот на профилот или се добива негативен одговор, се вели во информацијата од ЈО**. Сепак, ЗНМ посочува примери кога истрагите траеле предолго, иако можеле лесно да се докажат. Таков е примерот со поранешниот претседател на ЗНМ, Насер Селмани, кој добил заканувачки пораки на Фејсбук, а заканувачот дури и јавно признал, но ОЈО и МВР година и пол не можеле да го расчистат случајот.[10]

Голем проблем за Обвинителството претставуваат кривичните дела сторени преку онлајн-медиуми, кога не се познати ниту авторот на текстот, ниту уредникот на медиумот. Обвинителството се обраќа до единицата за борба против компјутерски криминал и дигитална форензика на МВР, која треба да утврди каде е регистриран медиумот, кој е сопственик и основач, а кој е уредник и автор на текстот. Доколку медиумот е регистриран во странство, тогаш се бара меѓународна правна помош, за што доколку новинарот не даде основни податоци или МВР не ги обезбеди, ЈО не може да ги утврди фактите.

Од ОЈО Скопје информираат дека тие активно постапувале по оформените предмети, во кои како оштетени се јавиле новинари, а динамиката на постапување и донесување одлуки е условена

[9] ОЈО (2021) „Достава на податоци во однос на прашањата испратени до ЈО од страна на ЗНМ“, 05.04.2021.

[10] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3a6NjOK. Стр. 25.

и од другите институции во државата или од странство од каде што барало податоци или обезбедувало докази.[11] Во тој контекст, се нагласува дека, и покрај неколкукратното зголемување на ингеренциите на ЈО, недостига и системска поддршка, во смисла на неопходните човечки, материјални и финансиски ресурси.[12]

Впечатокот на медиумските професионалци е дека состојбата благо се подобрува кога станува збор за зачестените одговори од институциите, но ова не може да се каже за исходот во постапките.

> *„Заканувачите на социјалните мрежи сè уште бавно се лоцираат, што влијае врз чувството на безбедност во извршувањето на новинарската професија. Обвинителството 'мрзливо' ги гони сторителите на напади врз новинари. Оправдувањата за тоа се бараат во МВР, кое не му одговара навреме на Обвинителството на барањата за собирање податоци. МВР, пак, многу често неосновано чека потврда од Фејсбук за потврда на идентитетот на сторителот, што може да го направи со базично IP вештачење", коментира Васко Маглешов, новинар во редакцијата на Призма/БИРН.*[13]

Поради неможноста Обвинителството да постапува по службена должност во случаи кога оштетена страна се новинарите и медиумските професионалци, ЗНМ и ССНМ подолго време бараат воведување посебни кривични дела за попречување и напад на новинарите додека ги извршуваат новинарските задачи или дополнување на постојните одредби, со што би се вовеле построги казни за нивните заканувачи и напаѓачи. Во сегашниот Кривичен законик, новинарите се дефинирани како лица што вршат работи од јавен интерес (чл. 122, ст. 9), но „не постои ниту едно кривично дело со кое тие би уживале посебна заштита".[14]

---

[11] ОЈО (2021) „Достава на податоци во однос на прашањата испратени до ЈО од страна на ЗНМ", 05.04.2021.

[12] ЗНМ (2020) „Најавени законски измени за поголема безбедност ан новинарите", 26.11.2020, https://bit.ly/3timsqE.

[13] Интервју со Васко Маглешов, новинар во редакцијата на Призма/БИРН, спроведено преку е-пошта, 2.04.2021.

[14] Иванов, З. и Марковски, И. (2019) „Хроника за (не)безбедност на новинарите", Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/web-MK-hronika-za-ne-bezbednosta-na-novinarite.pdf. Стр. 37

Како резултат на заложбите на новинарските организации, Министерството за правда предложи измени и дополнувања на Кривичниот законик, според кој новинарите и другите медиумски работници би се вклучиле во групата професии што се изложени на напади и закани поради природата на нивната работа, и би се зголемиле казните за прекршителите.

> *„Првата интервенција е уште во самата дефиниција во членот 122, во која на листата професии кои професионално извршуваат работи од јавен интерес се вклучени и новинарите. Во повеќе членови е даден квалификуван облик на делото, што подразбира построги казни“, објаснува Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.*[15]

**Предлогот подразбира нападите врз новинари и медиумски работници да се гонат по службена должност, а не по приватна тужба како досега (член 14 од предлог-измените што се однесува на членот 144 од Кривичниот законик).**[16] **И за ОЈО ова ќе претставува олеснителна околност кога станува збор за кривично-правна заштита на новинарите, бидејќи ќе може да ги гони сторителите по службена должност, со оглед на тоа што новинарите ќе бидат вклучени како можно оштетени заедно со другите службени лица.**[17] **Ова е особено важно бидејќи новинарите ретко се решаваат да тужат при физички напад или при закана по нивниот живот, поради стравот да се појават како тужители наместо институцијата Јавен обвинител, стравот од реперкусии од страна на заканувачите и прекршителите со кои ќе се соочат во текот на постапката, како и поради високите финансиски трошоци при водењето на постапката.**[18]

---

[15] Интервју со Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда, спроведено на 29.03.2021, онлајн.

[16] Министерство за правда (2020) Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=61439.

[17] ОЈО, „Достава на податоци по испратени прашања од ЗНМ“, 5.04.2021.

[18] Богданов, К., Брешковски, И. и Секуловски, Д. (2020) „Подобрување на безбедноста на новинарите преку измена на Кривичниот законик“, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3slkLHA. Стр. 41-42.

Квалифициран облик на делата со зголемени казни ќе биде воведен кај делата „убиство“ (чл. 123), „присилба“ (чл. 139), „загрозување на сигурноста“ (чл. 144), „спречување службено лице во вршење службено дејствие“ (чл. 382, ст. 3), кои се однесуваат и на новинарите и на медиумските работници доколку делото е сторено кон нив додека професионално ги извршуваат нивните задачи.[19] Во членот 144, кој се однесува на загрозување на сигурноста, се интервенира и во релација со говорот на омраза, што, всушност, е општо дело и не се однесува само на новинарите. Измените предвидуваат, не само преку информатички систем како што беше досега, туку и доколку некој јавно се закани дека ќе стори кривично дело (за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна) против некое лице на расна, национална, родова, сексуална, верска, религиска или која било друга основа, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.[20]

**ЗНМ и ССНМ бараа интервенции и во членот што се однесува на ширењето расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (394-г), за кој казната изнесува од една до пет години затвор. ЗНМ смета дека ОЈО, но и МВР, преку измена на Законот за кривична постапка, треба да имаат надлежност да постапуваат по службена должност во случаи кога има експлицитни закани преку социјалните мрежи кон новинари или медиумски работници додека професионално ги вршат своите задачи**. Причината за барањето ја оправдуваат со зголемувањето на бројот на напади и закани кон новинари преку социјалните мрежи, но и други форми на телефонска или компјутерска комуникација. Извештаите посочуваат дека Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР има поднесено повеќе кривични пријави до ОЈО поради основано сомневање за сторени кривични дела казниви по член 394-г од КЗ.[21] Дел од овие пријави

[19] Министерство за правда (2020) Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=61439,

[20] Ибид.

[21] ЗНМ поднесе прашања до МВР, но до моментот на објавување на анализата не стигна одговор.

до МВР ги поднело ЗНМ во име на оштетените новинари.[22] ЗНМ и ССНМ бараат воведување нови кривични дела во Кривичниот законик „Спречување на новинарите во извршувањето на професионалните задачи“ и „Напад врз новинарите во извршувањето на професионалните обврски кои се поврзани со кривичните дела „Тешко убиство“ и „Тешка телесна повреда“, што во иднина би можело да ги одврати сторителите од напади.[23]

Од Министерството за правда велат дека членот „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ е „општо дело“ и не се однесува само на новинарите, туку на сите граѓани. Од Обвинителството посочуваат дека ова кривично дело е „сложено и комплексно“ и за него треба да се обезбедат докази, како утврдување на идентитетот на сторителот, најчесто од социјалните мрежи. Често е потребна и меѓународна правна помош, што е долг процес, одговорите често се негативни, што го спречува Обвинителството да постапува.

> *„Доказите за ширење омраза треба да се експлицитни, да се внимава да не се повредат уставните определби за слободата на мислата и изразувањето, како и стандардите на Европскиот суд за човекови права, кои се извор на правото во РСМ“, се посочува во дописот од ЈО.*

Од октомври 2020 до март 2021 немало предмет во кој бил оштетен новинар.[24]

На онлајн-медиумите има случаи кога се продуцира и се шири говор на омраза,[25] меѓутоа во Северна Македонија не постои ниту една судска пресуда за говор на омраза. Постои само еден судски предмет по член 394-г од Кривичниот законик отворен во Основниот суд 1, поради ширење расистички и ксенофобичен

---

[22] Богданов, К., Брешковски, И. и Секуловски, Д. (2020) „Подобрување на безбедноста на новинарите преку измена на Кривичниот законик“, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3slkLHA. Стр. 47.

[23] Ибид. Стр. 48.

[24] ОЈО, Достава на податоци по испратени прашања од ЗНМ, 5.04.2021.

[25] Никодиноска, В. (2020) „Политичка и економска основа на медиумските и на комуникациските модели што шират дезинформации и говор на омраза“, Скопје: МИМ, https://mim.org.mk/attachments/article/1230/Mediumski%20i%20komunikaciski%20modeli%20koi%20shirat%20dezinformacii%20i%20govor%20na%20omraza.pdf

материјал по пат на компјутерски систем, но пресудата кон крајот на 2020 година не беше правосилна и предметот беше во фаза на постапување.[26]

Анализите констатираат дека во меѓуинституционалната поврзаност на ЈО, МВР и судството, една од институциите редовно затајува.[27] Иако мета на критики најчесто е ЈО, со отфрлањето на тужбите на новинарите поврзани со настаните во Собранието на 27 април 2017 година, медиумската заедница оценува дека судските пресуди ја загрозија слободата на говорот, ја дискредитираа новинарската професија и улогата на медиумите во едно демократско општество.[28]

При упадот во Собранието на 27 април 2017 година, повеќе новинари и медиумски професионалци што известуваа за собраниската седница беа повредени или им беше оштетена опремата.[29] Кон крајот на 2020 година, Основниот суд Скопје 2 ја одби тужбата на новинарките Душица Мрѓа и Наташа Стојановска, кои ја тужеа државата поради повреда на правото на слобода на изразување за настаните во Собранието. Образложението на Судот беше дека новинарките не доставиле докази од кои може да се утврди дека на клучниот ден се случиле јавни протести пред Собранието, ниту, пак, им признa дека доживеале душевна болка, страв и траума. Во април 2021 година, тужбата му беше отфрлена и на новинарот Горан Трпеноски, со образложение дека „не бил новинар бидејќи работел во онлајн-медиумот Сакамдакажам (Sdk.mk), кој, според Законот за медиуми, не се смета за медиум".

> ***„Сите надежи за правда и европеизација на судиите згаснаа со пресудите што беа донесени по тужби на новинарите од 27 април. И покрај меѓународните извештаи,***

[26] Ибид. Стр. 9.

[27] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3a6NjOK. Стр. 24

[28] ЗНМ (2021) „Уште една срамна пресуда за новинарите за настаните од 27 април", 14.04. 2021, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/2QgWaqD

[29] Мрѓа, Д., Муртези, Е. и Беловска, Х. (2019) „Нападите врз новинарите и медиумските работници на 27 април 2017 година", Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Napadi-27-april.pdf

***препораката од ЕСЧП во Стразбур и одлуката државата да исплати отштета за 24 декември (Црниот понеделник), сепак овие пресуди беа донесени без да се земат предвид препораките на европското право," коментира Христина Беловска, новинарка во Истражувачката репортерска лабораторија.[30]***

Неказнивоста кон сторителите останува висока и судска разрешница дочекале 5-10 проценти од предметите во кои биле повредени правата на новинарите, регистрирани од страна на ЗНМ од 2014 до 2019 година.[31] Со политиката на *неказнивост, која се истакнува како хроничен проблем во сите домашни и меѓународни извештаи, се испраќа своевидна порака за институционално „толерирање"* на нападите врз новинарите и медиумските работници.

## 3. МЕДИУМСКА РЕГУЛАТИВА – СЛОБОДАТА И НЕЗАВИСНОСТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМИ

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми ја сочинуваат регулаторната рамка, која се однесува на медиумите во Северна Македонија. По смената на власта во текот на 2017 година, политичките партии договорија измени на медиумската легислатива, кои требаше да доведат до суштински реформи во сферата на медиумите. Тоа беше неопходно поради „политичката доминација на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ во целата медиумска сфера", со што ѝ беше овозможена „потполна злоупотреба на регулативата" од 2011 до 2016 година.[32] Во двата закона има потреба од ревизија на повеќе сегменти поради тоа што се нефункционални или застарени. Така, во Законот за АВМУ потребни се измени во делот на транспарентноста и концентрацијата на медиумите, распределбата на ресурсите или унапредувањето на

---

[30] Интервју со Христина Беловска, новинарка во Истражувачка репортерска лабораторија, спроведено преку е-пошта, 2.04.2021.

[31] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3dgU4Qc. Стр. 23.

[32] Трпевска, С. и Мицевски, И. (2015) Зошто е важен интегритетот на медиумите, Скопје: МИМ, https://mim.org.mk/attachments/article/824/zosto_e_vazen_integritetot_na_mediumite_MK_v2.pdf. Стр. 68.

одредбите за јавниот сервис, а неопходна е имплементација на ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ.

Меѓутоа што се однесува до слободата и независноста на аудиовизуелните медиуми, а со тоа и на новинарите и на медиумските професионалци што работат во нив, анализата во Законот за АВМУ ќе се фокусира на неколку одредби, кои се однесуваат на забраната за државно рекламирање и финансирањето на јавниот сервис Македонска радио-телевизија.

## 3.1. Закон за АВМУ – државното рекламирање закана за уредувачката политика

Како резултат на преговорите меѓу политичките партии, на крајот од 2018 година беа донесени законските измени со кои се смени начинот на номинирање и избор на членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) и на Програмскиот совет на ЈРС МТВ, со цел да се обезбеди поголема независност на овие тела. Независноста на членовите на Советот на АВМУ од разни политички и бизнис-центри на моќ е клучен предуслов за независноста на сите аудиовизуелни медиуми, а независноста на членовите на Советот на МРТ е важна за вкупната независност на јавниот сервис и за неговото поврзување со граѓанството. Меѓутоа, до април 2021 година, двете тела не беа конституирани поради партиските несогласувања во Собранието.

**Една од суштинските реформски интервенции беше укинувањето на можноста за рекламирање во комерцијалните медиуми и во печатот со средства од државниот Буџет со Одлука на Владата во 2017 година. До 2016 година, власта го користеше овој механизам за создавање политичко-клиентелистички релации со медиумите**. Со законските измени донесени на крајот на 2018 година беше предвидено „државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции, како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост да не смеат да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со свои услуги или активности преку приватни радиодифузери“ (чл. 102 од Законот за ААВМУ). И

покрај забраната, проблемот со рекламирањето на институциите и на јавните претпријатија од буџетски средства и натаму се провлекува, со оглед на податоците дека општините и во 2019 година потрошиле приближно 500.000 евра за разни намени во медиумите.[33] Медиумската заедница предупреди дека јавните средства од општините или од јавните претпријатија во медиумите на локално ниво може да влијаат врз медиумските содржини и да ја нарушат независната уредувачка политика.[34]

На почетокот на 2021 година, владата најави измени во медиумската регулатива во делот што се однесува на забраната за рекламирање од страна на централната и локалната власт во медиумите, односно укинување на членот 102 од Законот со цел да им се помогне на медиумите што беа погодени од кризата предизвикана од пандемијата со ковид-19 преку можноста за „остварување договори со јавни претпријатија, општини ... во делот на нивната транспарентност и спроведување на нивните одлуки ...“[35]

Новинарските и медиумските организации се спротивставија на овие најави, бидејќи **„праксата со платени јавни кампањи во приватни медиуми се покажа како исклучително штетна во минатото, кога со пари на граѓаните се вршеше притисок кон медиумите врз нивната уредувачка политика.“[36] Се смета дека ова е спротивно на европската пракса, каде што платеното политичко огласување на телевизијата и на радиото е забрането за време на избори, но и надвор од изборни периоди, а од медиумите, вклучително и од јавниот сервис, се очекува да бидат општествено одговорни и да ги објавуваат бесплатно содржините што се од јавен интерес**.[37] Ставот на медиумската

[33] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3a6NjOK. Стр. 10.
[34] Ибид.
[35] Митевска, М., „Да не се случи повторно државен поткуп на медиумите“, Радио Слободна Европа, https://bit.ly/2OKafvJ; https://irl.mk/kako-zaev-na-golema-vrata-protnuva-gruevistichki-retsept-za-mediumski-potkup/.
[36] ЗНМ, ССНМ, МИМ и ССНМ (2021) „Јавните кампањи во медиумите треба да се бесплатни“, 23.02.2021, Скопје, https://bit.ly/2OPMJ0y.
[37] ЗНМ, ССНМ, МИМ и ССНМ (2021) „Јавните кампањи во медиумите треба да се бесплатни“, 23.02.2021, Скопје, https://bit.ly/2OPMJ0y.

заедница е дека враќањето на можностите за државно рекламирање во медиумите е закана за независноста на медиумите, како и за медиумскиот пазар, на кој веќе има значителен прилив на средства од Буџетот.[38]

## 3.2. Нарушена финансиска независност е нарушување на слободата на МРТ

Дел од одредбите во Законот за АВМУ што се однесуваат на работењето на ЈРС Македонска радио-телевизија и кои влијаат врз економската состојба на новинарите, во практиката наидуваат на институционални пречки. Со промените што беа направени во Законот, во септември 2017 година беше укината радиодифузната такса, а финансирањето на МРТ беше овозможено преку средства од државниот Буџет.

Прво беше предвидено за финансирање на МРТ, АВМУ и МРД да се издвојуваат 0,5 отсто од Буџетот, а со измените од декември 2018 година, помеѓу 0,8 и 1 отсто од реализираните вкупни приходи во годината што ѝ претходи на фискалната година за која се утврдува износот. Измените во моделот на финансирање беа направени со цел да се обезбеди стабилен извор на приходи, како и политичка и економска независност на јавниот сервис. Сепак, средствата за финансирање на МРТ се намалуваат во континуитет од 2017 до 2021 година,[39] а Министерството за информатичко општество и администрација не ја почитува обврската за обезбедување на законскиот минимум за финансирање на ЈРС. Како резултат на тоа, јавниот сервис, на располагање има помалку средства отколку пред усвојувањето на законските измени, иако една од основните цели на тие измени беше да се обезбеди одржливо финансирање.[40] Тоа предизвикува дополнителни финансиски тешкотии во функционирањето на јавниот сервис и зголемување на долговите кон државата, особено со отворањето пет нови програмски сервиси.

38 Ибид.

39 АВМУ (2020) Анализа на пазарот на аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година, Скопје: АВМУ, https://bit.ly/3aaYbev. Стр. 10

40 Ибид.

„Финансирањето на МРТ мора да се реши, бидејќи сегашното решение не обезбедува доволно средства. Мора да се најде соодветен модел, а за тоа ни треба стратегиски пристап. На публиката треба да ѝ се понудат квалитетни содржини, а тоа го очекувам, пред сѐ, од јавниот сервис МРТ“, вели Дејан Георгиевски, претседател на Центарот за развој на медиуми.[41]

Снежана Трпевска, од Институтот Ресис, смета дека моделот на финансирање на МРТ со средства од Буџетот обезбедува само „привидна финансиска стабилност и независност“, а всушност се испоставува дека владата не ги исплаќа предвидените средства.

„Треба да се направи анализа дали процентот предвиден за финансирање на МРТ одговара на реалните трошоци за продукција на содржините на програмските сервиси што таа ги емитува. На пример, во Црна Гора се направени измени на законите според кои се склучува договор меѓу ЈРС и владата, при што ЈРС прво изработува програмски план за тоа кои сервиси ќе ги нуди на граѓаните и се води јавна дебата за тој план. Во склучениот договор меѓу ЈРС и владата се наведува што ЈРС ќе ѝ нуди на јавноста и колку пари владата ќе треба да одвои за тоа. Сметам дека и кај нас владата треба да се обврзе на сличен начин да ги исплаќа потребните средства за работењето на МРТ“, вели Трпевска.[42]

**Здружението на новинарите на Македонија реагираше дека со префрлањето помалку средства од предвиденото „се нарушува концептот на финансиска независност на МРТВ, кој е еден од двата предуслова за слободни јавни сервиси.“ МИОА покажува како „политиката директно влијае врз начинот на работата на јавниот сервис преку неоправдано кратење на фондовите што се предвидени со закон“**,[43] реагираше ЗНМ. Медиумската заедница, во континуитет се залага за доследност во примената на законското решение што ќе овозможи финансирањето на јавниот сервис да се одвива како што е предвидено со Законот, со цел да се осигури неговата политичка и финансиска независност.

[41] Интервју со Дејан Георгиевски, претседател на Центарот за развој на медиуми, спроведено на 24.03.2021, онлајн.

[42] Интервју со Снежана Трпевска, претседателка на Институтот Ресис, спроведено на 23.03.2021, онлајн.

[43] Ибид.

И Европската Унија констатира дека како резултат на дискрециското право на власта, на јавниот сервис му се префрлаат помалку средства, така што финансиската независност и одржливост останува отворено прашање.[44]

## 4. ИЗБОРЕН ЗАКОНИК

Државното и политичкото огласување во минатото беа главните механизми на финансирање на медиумите. Со тоа се подриваше демократската улога на медиумите, кои наместо да му служат на јавниот интерес и на граѓаните, беа ставени во служба на центрите на моќ. Овој системски недостаток беше посочуван во меѓународните и во домашните експертски извештаи по политичките промени во државата во 2016 година.

Државното рекламирање беше укинато во 2017 година, додека прашањето за политичкото огласување беше адресирано преку повеќе интервенции во Изборниот законик од 2016 до 2020 година, но и во Законот за референдум и Законот за АВМУ. Партиско-политичките кампањи се еден сегмент од политичкото огласување, за кое постои неусогласеност во дефинициите и правилата во регулативата, за чие конзистентно и поврзано усогласување треба да се отвори сеопфатна дебата.[45]

Дел од одредбите во Изборниот законик ќе бидат разгледувани од аспект на слободата на медиумите и слободата на изразување на новинарите поради можноста медиумите да добиваат буџетски средства за медиумското претставување на партиите во предизборни кампањи. Ќе бидат анализирани и одредбите што се однесуваат на интернет-медиумите, што го засегаат аспектот на други општи одредби што влијаат врз условите за работа на новинарите и функционирањето на медиумите.

[44] European Commission (2020) North Macedonia 2020 Report, 6.10.2020, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf. Стр. 30.
[45] Трпевска, С. и Селмани, Н. (2018) „Компаративна анализа на политичкото огласување во медиумите", Скопје: КАС и ЗНМ, https://resis.mk/attach/komparativna-politicko-oglasuvanje.pdf.https://resis.mk/attach/komparativna-politicko-oglasuvanje.pdf. Стр. 38.

## 4.1. Јавни средства за партиско-политички кампањи

Експертската и медиумската заедница веќе подолго време посочуваат дека треба да се преиспита потребата и условите под кои може да се одвива политичкото огласување во медиумите во Македонија.

Во однос на платеното политичко рекламирање во печатените медиуми, европската медиумска политика има либерален став, бидејќи се смета дека тоа треба да е дозволено во овој сектор со извесни ограничувања, во поглед на обемот и на содржината на пораките. Онлајн-сферата подлежи на најмал степен на регулација и најчесто не е предмет на медиумска легислатива.[46] Меѓутоа, кај радиодифузните медиуми, медиумската политика од аспект на политичкото огласување се разликува кај различни држави – мерките се порестриктивни таму каде што јавната радиодифузија има подолга традиција, додека, пак, во земјите каде што е доминантна комерцијалната радиодифузија, платеното политичко рекламирање може да биде и неограничено.

Измените што беа направени во 2018 година отворија нови проблеми поврзани со правилата за политичкото рекламирање во медиумите за време на избори, особено поради можноста за надомест на трошоците од државниот Буџет и внесоа дополнителна конфузија во однос на статусот на интернет-порталите.

Законот овозможува од Буџетот да се одвојат средства за исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и интернет-порталите во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања (чл. 76-д). Министерството за финансии, подоцна ги надоместува трошоците за објавеното платено политичко рекламирање на медиумите врз основа на доставена фактура, медија план и извештај за реализираните услуги кон учесниците во изборната кампања.

Јавните средства што се слеваат во медиумите по однос на законската обврска на партиите за медиумско претставување во предизборната кампања, покренаа реакции и загриженост кај медиумската заедница. **Надоместувањето на трошоците на комерцијалните медиуми за објавеното политичко огласување на партиите, директно од Буџетот, претставува проблематичното решение**

[46] Ибид. Стр. 18.

**бидејќи „ја доведува во прашање, независноста на нивната уредувачка политика“.**[47]

*„Постои опасност одредени партии да фаворизираат едни исти медиуми и на тој начин да влијаат врз нивната уредувачка политика и во иднина, а со тоа да продолжи да живее медиумскиот клиентелизам на штета на граѓаните“, смета Младен Чадиковски, претседател на Здружението на новинарите на Македонија.*[48]

Новинарските организации ЗНМ, ССНМ и СЕММ го критикуваа и барањето за доставување медија план врз основа на кој се надоместуваат трошоците, оценувајќи го како „упад во независноста на уредувачката политика и програмските содржини на медиумите во време на предизборна кампања, бидејќи им се наметнува програмска шема од страна на политичките партии“.[49]

Инаку, за Парламентарните избори во 2020 година, политичките партии имаа на располагање 3,6 милиони евра за политичко рекламирање во медиумите, за Претседателските избори во 2019 година партиите потрошиле 3,75 милиони евра за медиумска кампања, а за Референдумот во 2018 – околу 1 милион евра за медиумско претставување.[50]

## 4.2. Недостигаат критериуми за интернет-порталите

Изборниот законик ги вклучува и интернет-порталите како медиуми, каде што политичките партии може да го реализираат медиумското претставување (чл. 75), меѓутоа не се предвидени критериуми кои од нив може да се пријават во регистарот на Државната

[47] Трпевска, С. и Селмани, Н. (2018) „Компаративна анализа на политичкото огласување во медиумите“, Скопје: КАС и ЗНМ, https://resis.mk/attach/komparativna-politicko-oglasuvanje.pdf. Стр. 32

[48] Селмани, Н. (2020) „Нови три милиони евра за плаќање партиска пропаганда во медиумите“, објавено на Опсерваторија на медиумските реформи, 12.07.2020, https://mediaobservatorium.mk/novi-tri-milioni-evra-za-plakjanje-partiska-propaganda-vo-mediumite/?fbclid=IwAR2afBYlxk5c_-P6V5AebEVtqPeDKv1-9lrrl_fAdVxP

[49] ЗНМ (2018) „измените на Изборниот законик ги загрозуваат работата и слободата на медиумите“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/izmenite-na-izborniot-zakonik-gi-zagr/.

[50] Медиаобсерваториум (2020) „Јавните пари во медиумите за убија новинарската критика“, објавено на Опсерваторија на медиумските реформи, 13.02.2020, https://mediaobservatorium.mk/javnite-pari-vo-mediumite-ja-ubija-novinarskata-kritika-infografik/

изборна комисија. Така, на Парламентарните избори 2020 година, во регистарот на ДИК се пријавија 235, а за Претседателските избори во 2019 година – 85 интернет-портали.

Анализите на истражувачките медиуми покажаа дека непостоењето критериуми овозможува во регистарот на ДИК да се пријават и портали што не објавуваат политички содржини (спорт, култура, забава), информативни онлајн-медиуми без импресум, портали со непознато сопственииштво (некои регистрирани во САД, Панама или други непознати фирми), портали на здруженија на граѓани, агрегатори на вести, нерегистрирани домени и други портали што не се од медиумската сфера (агенција за вработување или туристички водич).[51]

> *„... Значи пред избори може да никнат портали ... со сомнителна заднина, без да ги запазат критериумите за професионални медиуми и тие да бидат на исто рамниште со сериозните онлајн-редакции и да имаат пристап до овие средства. Ова остава простор за сериозни сомнежи за корупција и злоупотреби. Регистарот на професионални онлајн-медиуми можеше да биде појдовна точка, на пример за ДИК, при одлуките кому да се доделат пари, кога веќе остана државата глува за апелите дека целиот концепт е погрешен“, истакнува Катерина Синадиновска, претседателка на УО на СЕММ за Истражувачката репортерска лабораторија.*[52]

**Прецизирањето на одредбите што се однесуваат на интернет-порталите е неопходно за да се спречат повеќе злоупотреби што беа забележани досега, како на пример: пријавување повеќе портали од еден ист издавач или, пак, рекламирање на партиите кај оние портали што им се наклонети. Дополнителен проблем е тоа што ДИК не располага со доволно капацитети да направи верификација и селекција на апликациите за регистарот.**[53]

---

[51] Апостолов, В. и Трпковски, Г. (2020) „Порталите и парите пред избори: Гужва пред гол“, објавено на Призма/БИРН, 07.03.2020, https://prizma.mk/portalite-i-parite-za-izbori-guzhva-pred-gol/

[52] Јовановска, М., и Цветковска, С. (2020) „Државни пари за изборни информациски војни“, објавено на ИРЛ.мк, 23.07.2020, https://irl.mk/drzhavni-pari-za-izborni-informatsiski-voni/.

[53] ОБСЕ/ОДИХР, „Специјална мисија за проценка на избори Република Северна Македонија – Предвремени парламентарни избори“, 15 јули 2020, https://www.osce.org/files/f/documents/8/2/457426.pdf

Политичкото рекламирање на социјалните мрежи не е субвенционирано и посебно регулирано, иако политичките партии екстензивно ги користеа овие кампањски методи. Во однос на рекламирањето на овие платформи, не постои доволна транспарентност за трошоците на партиите.[54] „Партиите се обврзани да објавуваат податоци за тоа каде се рекламирале, но не даваат детални податоци за тоа колку потрошиле на социјалните мрежи. Тоа е 'сива зона'", констатира и Снежана Трпевска од Институтот Ресис. [55]

# 5. ЗАКОН ЗА ГРАЃАНСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА И НАВРЕДА

Донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда (ЗГОКН) во 2012 година значеше реализација на долгогодишните напори на новинарската и медиумската заедница за декриминализација на овие две дела и нивно префрлање во граѓанското право. Целта на декриминализацијата беше да се избегне практикувањето самоцензура кај новинарите, да се намали бројот и висината на надоместоците за нематеријална штета и да се скратат судските постапки.

Од донесувањето на Законот, во него не се правени никакви интервенции, а во Планот 18 на владата од 2018 година се предвидуваа измени што би кореспондирале со европските трендови. Одредбите во овој Закон, во анализата се разгледуваат од аспект на прашањето за слобода на медиумите и слободата на изразување на новинарите.

## 5.1. Предвидено намалување на износите за надомест на штета

Пред декриминализацијата на клеветата и навредата, тие често беа користени како инструменти за притисок врз новинарите од страна на претставници на разни центри на моќ. Пред донесувањето на Законот, бројот на спорови во кои беа вклучени новинари

[54] Ибид.

[55] Интервју со Снежана Трпевска, претседателка на Институтот Ресис, спроведено на 23.03.2021 онлајн.

беше околу 330, додека во следните години, бројот постепено се намалуваше. Пресудите не содржеа високи парични казни, освен во некои исклучоци, како што беше случајот „Мијалков против Фокус“.[56] Во споредба со периодот пред 2017 година, клеветата и навредата сѐ помалку се користат од страна на властите за притисок врз критичкото новинарство. Извештајот на Прибе од септември 2017 година, за остварување на итните реформски приоритети, го констатира намалениот број тужби за навреда и клевета и наведува дека тоа не е тема за загриженост.[57]

Низ годините, сепак, имаше исклучоци, главно од страна на високи функционери, кои тужеа новинари за клевета: претставници на политичката партија ДУИ тужеа медиуми на албански јазик или, пак, заканите со тужби за клевета и навреда во 2019 година од страна на високи партиски и државни функционери упатени кон новинари[58], кои може да се сметаат како инструмент за заплашување.[59] Според информациите на ЗНМ, до крајот на 2019 година во Граѓанскиот суд Скопје имало 30-тина активни предмети за клевета и навреда во кои како странка се јавува новинар или медиум.[60]

Примената на Законот покажа одредени слабости и недостатоци, кои беа констатирани преку мониторингот на ЗНМ, како и во европските документи, кои се фокусираа на основните приоритети. Така, во првите четири години 2013-2016 од примената на Законот, анализите утврдиле дека трошоците за водење на постапките пред граѓанските судови биле високи, што им овозможува на тие што тужат новинари да имаат и високи парични побарувања од

---

[56] ЗНМ (2018) „Анализа: Пресуди за клевети и навреди на судски предмети со новинари“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/analiza-presudi-za-kleveti-i-navredi-n/

[57] Георгиевски, Д. (2020) „Навредата и клеветата како дел од медиумските реформи“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Navredata-i-klevetata-1.pdf. Стр. 14.

[58] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3dgU4Qc. Стр. 11.

[59] Ибид. Стр. 28

[60] Небиу, Б., Селмани, Н., Секуловски, Д. и Наумовски, Н. (2018) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2017, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Pokazateli-na-stepen-na-sloboda.pdf. Стр. 15.

судот поради нанесена штета, а некои судии покажувале тенденција да ги заштитат честа и угледот на функционерите.[61]

Праксата на македонските судови во одлучувањето по тужбите за клевета и навреда долго време беше перцепирана како најголем проблем со кој се соочуваат новинарите и медиумите што се јавуваат како тужени за тие дела, токму од аспект на повластениот третман што го покажуваа кон тужбите на политичарите.[62] Но, со текот на годините, судската пракса забележа напредок, вклучително и оценките за работата на мал број судии, кои беа обучени во толкувањето и примената на Законот и на практиката на Европскиот суд за човекови права.[63] Имено, предметите за клевета и навреда до 2019 година ги судеа тројца обучени судии, кои создадоа добра практика, но од септември 2019 година, овие предмети може да ги судат сите судии од Граѓанскиот суд. Поради тоа, новинарската заедница ја посочува потребата од дополнителни обуки на судиите за оваа специфична тема со цел да се одржи изградената судска пракса.[64]

Препораките на ЕУ во областа на навредата и клеветата примарно се однесуваат на намалувањето на бројот на случаи на тужби за навреда и клевета што ќе стигнат до судовите, преку поголемо користење на медијацијата, поддршка и промоција на користењето на саморегулаторните механизми за решавање на споровите, како и политичката порака до јавните функционери да се воздржат од тужби за навреда и клевета.

Според препораките на ЕУ и на странските експерти, „навредата“ и делата поврзани со неа треба да се тргнат од ЗГОНК и да останат во опфатот на Законот за облигациони односи, затоа што ова дело не влегува во дефиницијата за клевета според членот 10 од

[61] ЗНМ (2018) „Анализа: Пресуди за клевети и навреди на судски предмети со новинари“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/analiza-presudi-za-kleveti-i-navredi-n/

[62] Георгиевски, Д. (2020) „Навредата и клеветата како дел од медиумските реформи“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Navredata-i-klevetata-1.pdf. Стр. 31.

[63] Ибид. Стр. 13.

[64] ЗНМ (2020) „Принципиелни барања на ЗНМ за измена и дополна на Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда (ЗГОНК) на ЗНМ“, ноември 2020.

Европската конвенција за човековите права.[65] Сепак, по спроведените компаративни анализи, ова не било прифатливо за нашиот правосуден систем.[66]

За другите недоследности што произлегоа од праксата, потребни се помали измени и дополнувања. Предлог-измените и дополнувањата на Законот од 2020 година опфаќаат три клучни прашања:

> *„Првата измена се однесува на една од основните цели на Законот и со неа се прецизира клеветата и навредата да се изнесени пред трето лице, односно во јавност, како што е праксата на Европскиот суд за човекови права. Се предвидува и намалување на износите за надомест на штета, како и дополнително уредување на одговорноста за клевета“, објаснува Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.*[67]

**Во делот на надомест на нематеријална штета се предвидува десеткратно намалување на сумите. Така, доколку сега за штета предизвикана со навреда или клевета од страна на новинар е предвиден надомест не повеќе од 2.000 евра, за уредник или лицето што го заменува-надомест не поголем од 10.000 евра, а за правно лице – 15.000 евра (чл. 18 од ЗГОКН), овие суми во иднина би изнесувале 200, 1.000 и 1.500 евра, соодветно**.

Во постојниот Закон е предвидено доколку „изнесувањето или пренесувањето невистинити тврдења за факти е сторено преку средство за јавно информирање, за клевета можат да одговараат авторот на изјавата, уредникот или лицето што го заменува во средството за јавно информирање и правното лице“ (чл. 8). Со измените, одговорност ќе може да понесе и физичкото лице што е сопственик на средство за јавно информирање. Понатаму, тужителот може да одлучи против кого би поднел тужба за утврдување одговорност и надомест на штета за клевета.

[65] Георгиевски, Д. (2020) „Навредата и клеветата како дел од медиумските реформи“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Navredata-i-klevetata-1.pdf. Стр. 14.

[66] Интервју со Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда, спроведено на 29.03.2021, онлајн.

[67] Ибид.

Тоа што произлезе како проблем од судската пракса е одговорноста за клевета, особено во случаи кога судовите им го негираат правото да се легитимираат како новинари на тие што работат во онлајн-медиумите. Судовите немаа конзистентна и унифицирана пракса во однос на онлајн-медиумите, па додека некои основни и апелациони судови низ државата ги „признаваа“ како новинари и медиуми, судовите во Скопје ги отфрлаа предметите во кои како странка се јавуваа новинари од онлајн-медиумите.[68] Дополнителна контрадикторност е тоа што членот 11 од ЗГОКН специфично се однесува на одговорноста токму на „електронската публикација“ за навредливи или клеветнички изјави во коментарите под објавени текстови онлајн. Со предлог-измените од 2020 година се предвидува бришење на овој член од ЗГОКН, што е во согласност со ставот на новинарската заедница.

Во 2018 година, ЗНМ достави писмена иницијатива до Врховниот суд на РСМ, со барање да ја усогласи судската пракса. Како резултат на тоа, во 2019 година, четирите апелациски судови донесоа заклучок дека онлајн-медиумите, кои како странки се јавуваат пред граѓанските судови во постапките за навреда и клевета, ќе се третираат еднакво со традиционалните медиуми.[69]

## 6. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА МЕДИУМСКАТА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА – МИА

Медиумската информативна агенција – МИА е формирана со одлука на владата во 1998 година, а во 2006 година се реорганизира како Акционерско друштво Македонска информативна агенција – Скопје во државна сопственост. Со оглед на фактот дека основач на Медиумската информативна агенција е владата, таа е дел од оваа анализа од аспект на можните влијанија на институциите врз слободата и независноста на медиумите што ги основале и врз чии управувачки органи имаат контрола.

---

[68] Георгиевски, Д. (2020) „Навредата и клеветата како дел од медиумските реформи“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Navredata-i-klevetata-1.pdf.
[69] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3ahjElX. Стр. 28.

Според Статутот на МИА, со неа раководи Управен одбор, а претседател на Управниот одбор воедно е и генерален директор и главен и одговорен уредник на МИА. Него го именува владата. Членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор. Управниот одбор е под контрола на Надзорниот одбор и на владата, како собрание на друштвото. Петте члена на Надзорниот одбор ги именува владата.

МИА изминатиов период покажува поголема професионалност и непристрасност во известувањето од минатото: „По промената на власта (во 2016) доби ново раководство и работеше да ги прошири своите сервиси преку понуда на видео и фотографија".[70]

Сепак, и покрај професионалниот развој на МИА во текот на изминатите години, поставеноста на организациската и менаџерската структура, во чиј избор владата има директно влијание, останува проблем погледнато од аспект на независноста на медиумите од политичките центри на моќ. Така, владата има дискрециско право во изборот и реизборот на директорот, односно на главниот и одговорен уредник и на членовите на Надзорниот одбор, а со тоа и влијание врз изборот на членовите на Управниот одбор. Тоа потенцијално значи дека владата би можела да има влијание и врз уредувачката политика на медиумот.

**Новинарските организации се на ставот дека најсоодветен начин на организација на МИА е по примерот на јавниот сервис Македонската радио-телевизија, чиј основач и надлежна институција пред која полага одговорност, е Собранието. Во таа насока, потребни се законски измени со кои ќе се гарантира дека владата нема да има влијание во изборот на менаџментот во МИА**.

## 7. ЗАКОН ЗА АВТОРСКИ ПРАВА И СРОДНИ ПРАВА

Авторските права на новинарите и на другите медиумски работници континуирано се тема во фокус поради нивното масовно прекршување, особено во онлајн-сферата. Неовластеното преземање текстови, фотографии и други содржини го обезвреднува трудот на медиумските професионалци и влијае врз нивниот економски и социјален статус во општеството. Одредбите од овој Закон се

[70] IREX (2019) MSI 2019, https://www.irex.org/sites/default/files/pdf/media-sustainability-index-europe-eurasia-2019-north-macedonia.pdf. Стр. 9

разгледуваат од аспект на влијанието што може да го имаат врз работата на новинарите и медиумските професионалци и функционирањето на медиумите.

## 7.1. Заштита на новинарските авторски трудови

Експертските анализи на Законот за авторско право и сродните права (ЗАПСП)[71] констатираат дека се потребни измени и дополнувања што се однесуваат на поголема заштита на новинарските трудови, на колективното управување со авторските права и на потребата од заштита на авторските права на дигиталните платформи. Дополнителен проблем претставува недостигот од судска пракса во оваа област и високите износи на судските трошоци. Министерството за култура најави измени на Законот за негово усогласување со европските стандарди, а предлог-текстот треба да биде споделен со сите засегнати страни во текот на 2021 година.

Во Законот, авторот е дефиниран како лице на кое му припаѓа авторското право над неговото дело со самото создавање и тој има исклучиво право да дозволи или да забрани користење на делото или на неговите примероци од страна на други лица (чл. 26). Како авторски дела се сметаат пишани и говорни дела, фотографии и аудиовизуелни дела. Секој медиумски производ не може да се смета за авторско дело, како на пример вести и информации за дневни актуелности. За авторско дело може да се смета само информацијата во чие создавање новинарот има интелектуален придонес, како што се истражувачки стории или прилози/текстови, во кои авторот самостојно открил информации.

Според експертската јавност, постојниот Закон повеќе става акцент на повредата на моралните и материјалните права на фотографите, а во однос на содржините што ги продуцираат новинарите, регулативата не е доволно јасна.[72] Адвокатите што работат на оваа проблематика посочуваат дека авторството многу полесно се

[71] Службен весник на Република Македонија, бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16

[72] Пашоски, Д. (2021) „Како Законот за авторско право влијае врз работата на медиумските работници", Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Analiza_avtorski-prava_fin.pdf. Стр. 4.

докажува кај фотографиите отколку кај новинарските текстови, бидејќи тие може да бидат драстично изменети во споредба со првичниот текст.[73] Токму затоа, некои од клучните недостатоци што треба да се адресираат со измените во Законот се однесуваат на препознавање на авторските новинарски трудови, што е важно во евентуални судски постапки кои новинарите би ги иницирале за заштита на своите авторски права.[74]

**Експертите препорачуваат измени и во членот од Законот што се однесува на авторското дело што е создадено од работник при исполнување на неговите работни обврски или по упатство на работодавачот (чл. 86), според кој, материјалните права исклучиво му припаѓаат на работодавачот за период од пет години од неговото создавање. Се препорачува промена на ова решение, со што ќе се гарантира дека „материјалните права на авторот за дело што е создадено во работен однос при извршување работни задачи, ќе му припаѓаат исклучиво на авторот, освен ако со договорот за вработување не е поинаку определено."[75]** Ова прашање во земјава се актуализираше, особено во случајот со фоторепортерката Арбнора Мехмети, која ги бранеше авторските права за нејзина фотографија направена додека била вработена во една организација, а кои, според неа, биле нарушени од страна на други правни лица.[76]

Ова решение е присутно и во хрватскиот Закон за авторски права, каде што авторот е во фокусот на оваа одредба и тој ги задржува авторските права над делото.[77] Ова е важно особено при преземање туѓи содржини, кога треба да се наведе авторот на делото, со што се

---

[73] ЗНМ (2020) „Работењето на професионалните медиуми на удар на плагијаторството", Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3wTQVgT
[74] Ибид.
[75] Пашоски, Д. (2021) „Како Законот за авторско право влијае врз работата на медиумските работници", Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Analiza_avtorski-prava_fin.pdf. Стр. 16
[76] ССНМ и ЗНМ (2021) „Го осудуваме недостоинственото отпуштање на фоторепортерката Арбнора Мемети", 05.03.2021, https://www.radiomof.mk/ssnm-i-znm-go-osuduvame-nedostoinstvenoto-otpushtanje-na-fotoreporterkata-arbnora-memeti/
[77] Брешковски, И., и Марковски, И. (2018) „Влијанието на Законот за авторско право и сродни права врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници – практики и препораки", Скопје: КАС и ЗНМ, www.znm.org.mk. Стр. 21.

заштитуваат моралните права. На тој начин, авторот подоцна може да ги отстапи и материјалните права за соодветен надомест.[78]

## 7.2. Колективно управување со авторските права

Експертите посочуваат и на важноста на одредбите што се однесуваат на колективното управување со авторското право и со сродните права на новинарите и на фоторепортерите (чл. 129-134). Колективно остварување на правата може да се реализира преку организација за колективно управување со правата, која според Законот треба да биде правно лице основано од физички и/или правни лица, да работи во непрофитни цели, а дозволата за работа ја добива од Министерството за култура. Целта на организацијата е да ги штити, застапува и да ги претставува различните интереси на носителите на правата во државата и во странство.

Регулативата во овој сегмент во Северна Македонија не е соодветно спроведена во пракса, поради што Министерството за култура, во чија надлежност е Законот, најавуваше анализа на законодавството и на практиката во регионот и во земјите од ЕУ, во однос на колективното остварување на авторските права и сродните права.

Една од можностите е формирање непрофитно здружение за колективно управување со авторските права на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници со одобрение или со дозвола од Министерството за култура. Во Хрватска, на пример, од 2007 година функционира Друштво за заштита на новинарски авторски права, кое е граѓанска и непрофитна организација основана од новинари.[79] Организацијата се финансира врз основа на членарини и донации, а членови може да бидат новинари – автори кои се здружуваат за заштита на новинарските авторски права, остварување заеднички професионални

[78] Пашоски, Д. (2021) „Како Законот за авторско право влијае врз работата на медиумските работници", Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Analiza_avtorski-prava_fin.pdf.

[79] Брешковски, И., и Марковски, И. (2018) „Влијанието на Законот за авторско право и сродни права врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници – практики и препораки", Скопје: КАС и ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Vlijanieto-na-zakonot.pdf. Стр. 22-23.

интереси и подобрување на социјалната и материјалната положба на новинарите.[80]

Регулативата треба да се усогласи со Европската директива за колективно управување со авторското право и сродните права и мултитериторијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет, со што, во случај на недозволено преземање на делата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници надвор од Македонија, авторот ќе може да побара заштита преку организации за колективно управување надвор од државата.[81] И оваа можност е содржана во хрватскиот Закон.

## 7.3. Потребно унапредување на судската пракса

Измените на Законот треба да ја имаат предвид и новата дигитална средина во која авторите создаваат дигитални дела, поради што треба да се разгледа и Европската директива за авторски и други сродни права, која се однесува на споделување заштитена содржина од страна на интернет сервис-провајдери (како што се на пр. *Јутјуб* и *Вимео)*. Притоа, сервис-провајдерот мора да обезбеди дозвола од авторот за користење на неговото дело.[82]

Професионалните онлајн-медиуми особено се соочени со предизвиците на т.н. „копи-пејст" новинарство, кога неовластено се преземаат содржини од нивните медиуми. Сепак, судската пракса во нашата земја за овие повреди на права е исклучително скромна, а и судските постапки, посебно во граѓанската сфера, можат да бидат скапи и долготрајни.[83] **Високите трошоци за судски постапки пред граѓанските судови ги одвраќаат новинарите и фоторепортерите да тужат. Поради тоа, експертите препорачуваат намалување на трошоците со цел да се поттикнат медиумските професионалци да бараат заштита на своите авторски права**.

[80] Ибид.

[81] Ибид. Стр. 42.

[82] Пашоски, Д. (2021) „Како Законот за авторско право влијае врз работата на медиумските работници", Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Analiza_avtorski-prava_fin.pdf. Стр. 14

[83] Ибид. Стр. 13

Од друга страна, неколкуте пресуди поврзани со авторските права, покажаа дека високите административни трошоци во судската постапка можат да придонесат кон финансиски тешкотии во работењето на некои онлајн-медиуми што го изгубиле случајот. Економската одржливост на медиумите е особено важно прашање, поради сѐ уште неразвиениот рекламен пазар во онлајн-сферата.

Со оглед на малата судска пракса, потребни се дополнителни обуки за судиите од граѓанскиот и од кривичниот суд за специфични теми, како што се авторските права.[84] Ова е неопходно и од аспект на тоа што во некои судски постапки, одредени судови не ги признаваат интернет-порталите како медиуми.

Инаку, еден од механизмите за вонсудско решавање на случаите во кои е прекршено авторското право на новинарите и медиумските работници е медиумската саморегулација. Група фоторепортери имаат формирано и онлајн-платформа (http://kolektif.mk/), на која објавуваат професионални фотографии, кои потоа може да се откупат од страна на медиуми. Ова се посочува како форма на здружување што понатаму има потенцијал да прерасне во механизам, кој ќе ги штити авторските права на фоторепортерите. [85]

## 8. ЗАКОН ЗА МЕДИУМИ

Анализата го опфаќа и Законот за медиуми разгледуван од аспект на тоа како одредени решенија се одразуваат врз работата на новинарите и функционирањето на интернет-медиумите, за кои во изминативе години се отворија повеќе прашања во врска со измените што беа донесени во неколку закони, како и при институционалниот третман кон нив во практиката.

[84] Ибид. Стр. 17.

[85] Брешковски, И. и Марковски, И. (2018) „Влијанието на Законот за авторско право и сродните права врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници", ЗНМ, Скопје, www.znm.org.mk.

## 8.1. Интернет-медиумите и законската рамка во која функционираат

Онлајн-медиумите не се опфатени со медиумската регулатива, бидејќи меѓу новинарската и експертската јавност широко е прифатен ставот дека на тој начин би се ограничила слободата на изразување во онлајн-сферата, а ова решение е во согласност и со европската пракса. Од друга страна, постои страв од можна злоупотреба на какви било законски решенија од страна на институциите и власта, па дури и да станува збор за т.н. „мека регулација“, што би можело да ги ограничи слободата на изразување, демократијата и медиумскиот плурализам.[86]

Меѓутоа, изминатите години, онлајн-медиумите во повеќе наврати се наметнуваат како отворено прашање преку примената на други закони, практиката на институциите, или во контекст на порастот на некои несакани феномени, како говорот на омраза и дезинформациите. Така, со усвојувањето на Изборниот законик во 2016 година и на „интернет порталите“ им се наметнуваше обврска да обезбедат фер, балансирано и непристрасно покривање на изборите,[87] а со измените од 2018 година, во делот на медиумското претставување, се отвори можност и тие да се пријават во регистарот на медиуми на Државната изборна комисија, каде што политичките партии можат да го реализираат политичкото огласување пред избори.

Дел од експертската јавност смета дека Законот за медиуми дава одговор на оваа дилема, со оглед на тоа што терминот „медиуми“ има пошироко значење и ги опфаќа сите типови медиуми, независно од техничката платформа за пренос на информациите.[88] Инаку, **во 2014 година, од дефиницијата за медиуми беа избришани „електронските публикации“ по настојување на медиумската заедница, која беше против регулација на онлајн-медиумите, бидејќи тоа би значело преголема регулација на интернет-просторот и е спротивно на европските стандарди**.

Според постојната дефиниција во Законот, „медиуми се средства за јавно информирање, односно каков било вид комуникација,

[86] СМЕМ (2017) „Self-regulation or Regulation of Internet Media in“, Skopje: СМЕМ, https://semm.mk/attachments/SELF-REGULATION-OR-REGULATION-OF-INTERNET-MEDIA.pdf. Стр. 8

[87] Ибид. Стр. 4

[88] Интервју со Снежана Трпевска, претседателка на Институтот Ресис, спроведено на 23.03.2021, онлајн.

како весници, магазини, програми на радиото и на телевизијата, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување на уреднички обликувани содржини во печатена форма, звук или слика, со цел да се задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност“.[89]

> *„Иако ’електронските публикации‘ не се експлицитно наведени во дефиницијата, тие се всушност опфатени со изразот ’други форми на дневни или периодични публикации на уреднички обликувана содржина‘ ... Во денешното конвергентно медиумско опкружување, границите меѓу ’стари‘ и ’нови‘ медиуми, ’офлајн‘ и ’онлајн‘ или меѓу ’печатени‘ и ’електронски‘ медиуми, исчезнуваат. Во тој контекст, тешко е да се исклучат онлајн-медиумите од опфатот на Законот на медиуми“, вели Снежана Трпевска од Институтот Ресис.[90]*

Таа смета дека во погоден момент, во иднина треба да се отвори експертска дебата за ова чувствително прашање, особено поради тоа што онлајн-медиумите функционираат како субјекти во медиумската сфера, како и поради порастот на говорот на омраза и на дезинформациите кај дел од овие медиуми. „Треба внимателно да се разгледаат европските трендови – можните решенија и механизми што се функционални во други држави“, смета Трпевска.

**Проблемите во онлајн-сферата се евидентни со оглед на растечките трендови на говор на омраза, дискриминација, дисквалификации и прекршувања на авторските права. Во однос на овие прашања, повеќе експерти упатуваат дека одредбите во постојните закони што се однесуваат на некои чувствителни прашања „се еднакво валидни и применливи и за традиционалните и за онлајн-медиумите, што е во согласност и со европските стандарди.“[91]**

---

[89] Закон за медиуми, чл. 2, https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_mediumi_mkd.pdf

[90] Интервју со Снежана Трпевска, претседателка на Институтот Ресис, спроведено на 23.03.2021, онлајн.

[91] Saracini, P., (ed.) et all. (2015) „Macedonia in the digital age – between the rights and responsibilities in the Internet communication“, : MIM, http://mim.org.mk/attachments/article/853/MIM_Analiza_mk.pdf.

Анализата на Агенцијата за АВМУ посочува дека, иако не се дел од законската регулатива, онлајн-медиумите сепак се дел од законска рамка.[92]

> *„Покрај тоа, целите на неколку јавни политики во поглед на содржините објавени од онлајн-медиумите (како што е на пример борбата против говор на омраза и дискриминација и почитување на авторските права) може да бидат заштитени преку важна збирка на други закони покрај Законот за медиуми, како што е Кривичниот законик, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за авторски права [...] Повеќето од проблемите предизвикани од онлајн-медиумите може да се решат со примена на обичајно право.“*[93]

Во анализата се вели и дека доколку постои политичка волја да се вклучат некои онлајн-медиуми во законската регулатива за медиуми, тогаш треба да се земе предвид важноста на тие медиуми за општеството, но особено да се внимава на штетата што товарот на регулативата може да ја предизвика врз малите медиуми, во смисла на вклучување на минимални прагови и сл.[94]

Непрофесионалното и неетичкото работење на некои интернет-медиуми е делумно овозможено од непримената на тековните закони во пракса, како и од инертноста на институциите при постапувањето и санкционирањето на одделни појави, како што е говорот на омраза. Истражувањата упатуваат дека Северна Македонија има доволно закони што може да се применат и во интернет-сферата, меѓутоа тие треба да се применуваат на неселективен, фер и пропорционален начин кон сите актери во јавната сфера.[95]

Во однос на говорот на омраза, медиумските експерти потенцираат дека „правната рамка треба да содржи серија од различни

---

[92] Фурнемон, Ж. Ф. (2018) „Регулаторна рамка за медиуми и онлајн медиуми – македонскиот случај“, Скопје: АВМУ,https://bit.ly/3tNfha7. Стр. 29.

[93] Ибид. Стр. 34

[94] Ибид. Стр. 35

[95] CMEM (2017) „Self-regulation or Regulation of Internet Media in“, Skopje: CMEM, https://semm.mk/attachments/SELF-REGULATION-OR-REGULATION-OF-INTERNET-MEDIA.pdf.

мерки, кои треба да соодветствуваат со интензитетот на говорот на омраза, а казните секогаш треба да се применуваат како последна мерка и само во екстремни случаи, бидејќи тоа може да создаде „ефект на ладење“ (chilling effect) кај медиумите.[96] Ова правило важи и за традиционалните и за онлајн-медиумите.

Саморегулацијата е уште еден механизам во насока на воведување ред во онлајн-сферата. На иницијатива на Советот за етика во медиумите и Здружението на новинари на Македонија, во соработка со Стопанската комора на Македонија, во 2020 година беше формиран Регистар на професионални онлајн-медиуми, кои треба да почитуваат облигаторни критериуми за да може да членуваат во него. До април 2021 година, околу 140 онлајн-медиуми беа дел од Регистарот.[97]

## 9. ПОЗИТИВНИ ПРАКТИКИ

Обезбедувањето законски, социјални и економски услови за непречено извршување на професионалните обврски, како и гарантирањето на безбедноста и правата на новинарите и медиумските работници зависат од волјата и напорите на повеќе општествени актери – политичарите, граѓанскиот сектор и самите медиуми. Можностите за меѓусебна комуникација и воспоставувањето функционални механизми на соработка меѓу институциите и граѓанскиот сектор се клучни параметри, кои го одредуваат демократскиот развој на медиумската сфера.

И покрај законските недоследности и некоординираноста на институциите, може да се издвојат позитивни примери на мултисекторска соработка, воспоставени мрежи, коалиции и иницијативи, кои придонесуваат кон поголема безбедност на медиумските професионалци или кон унапредување на медиумските слободи во земјава.

Генерална констатација е дека **новинарските и граѓанските организации се активни и ажурни актери, кога станува збор за заштита или реакција во случаи кога се загрозени правата и**

[96] Интервју со Снежана Трпевска, претседателка на Институтот Ресис, спроведено на 23.03.2021, онлајн.

[97] Промедиа – Регистар на професионални онлајн медиуми, https://www.promedia.mk/main.

**безбедноста на новинарите и медиумските професионалци**. „Кон тоа влијае и општествениот амбиент во кој работат новинарите, како и самосвесноста на новинарската фела за важноста на ова прашање“, забележува Васко Маглешов, истакнувајќи дека и институциите реагираат побргу за разлика од порано.[98] Уште од подготовките и донесувањето на медиумската легислатива во 2013 година, новинарските здруженија се мошне активни во лобирањето и застапувањето, со што успеаја да спречат некои непопуларни предлози на власта или, пак, да издејствуваат промени. Така, во 2017 година беше укинато државното рекламирање, а беа направени промени во начинот на номинација и делегирање членови на управните тела на Агенцијата за АВМУ и ЈРС МРТ. Двете тела сè уште не се формирани поради партиските несогласувања во Собранието, што укажува на фактот дека политичката волја е клучна за суштински промени и напредок во медиумската сфера.

Од друга страна, **како резултат на иницијативата на ЗНМ упатена до Врховниот суд на РСМ за усогласување на судската пракса**, **во 2019 година**, **четирите апелациски судови донесоа заклучок дека еднакво ќе ги третираат онлајн-медиумите со традиционалните медиуми во постапките за навреда и клевета**. Преку кампањата на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници за забрана за преземање фотографии или авторски текстови без дозвола од авторот, им беше пружена правна помош на голем број оштетени автори, на кои делата им биле неовластено преземани.[99] Програмата за бесплатна правна помош за новинари и медиуми што ја водеше Центарот за развој на медиуми нудеше одбрана на суд во случаи за клевета и навреда.[100] Околу 50 новинари и медиуми добиле правна помош преку овој механизам.

Од позитивните примери на соработка со институциите, извештаите посочуваат дека МВР сепак вложувало напори да спроведе

---

[98] Интервју со Васко Маглешов, новинар во редакцијата на Призма/БИРН, спроведено преку е-пошта, 2.04.2021.

[99] ССНМ (2017) „ССНМ: Авторските права мора да се почитуваат“, објавено на: Академик.мк, 14.12.2017 година, https://akademik.mk/ssnm-avtorskite-prava-mora-da-se-pochituvaat/?fbclid=IwAR0c5ESYV0R9-mOJUgOhBZPM5pnFSOFuQ43Qb-02mf8eu4Ul3vsfJ-Aqs7g

[100] Центар за развој на медиуми, „Бесплатна правна помош за новинари и за медиуми“, Скопје: ЦРМ, http://mdc.org.mk/besplatna-pravna-pomos

брза истрага за поголем дел од случаите, а вовело и интерен регистар на напади врз новинари.[101] „Видлива е поголема респонзивност на МВР во пронаоѓањето на напаѓачите на новинари за разлика од порано“, оценуваат медиумските професионалци.[102]

Во насока да ја подигне свесноста за неопходноста од брза и ефикасна акција на институциите за заштитата на новинарите и медиумските професионалци, ЗНМ одржува обуки со претставници на ЈО, МВР и судовите, што беше истакнато и во Извештајот за напредокот на државата, кој го подготвува Европската Унија. На крајот на 2019 година, ЗНМ потпиша и Протокол за соработка со МВР, кој дава насоки за полицијата и за новинарите, со цел поголема безбедност при извршување на нивните задачи.[103] Во соработка со Академијата за обука на судии и јавни обвинители во 2020/21 година спроведуваа обуки со новинари и претставници на правосудството. Инаку, темите што се однесуваат на слободата на изразување се дел од редовните програми за обуки што се спроведуваат на Академијата, наменети за судии и обвинители.

**Од 2018 до 2021 година беа формирани повеќе работни групи во рамки на различни министерства, кои работат на измени на постојната регулатива со цел нејзино усогласување со европското законодавство. Во овие работни групи учествуваат претставници на сите засегнати страни, вклучително и на новинарските и медиумските организации, кои ги разгледуваат Кривичниот и Изборниот законик, и Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда**. Претставниците од Министерството за правда и ЗНМ ја истакнуваат корист од заемната соработка, што претставува позитивен пример во насока на унапредување на регулативата врз основа на искуството што граѓанските организации го имаат од мониторингот и анализите на ситуацијата во практиката. И заштитата на авторското право, експертите ја гледаат како „меѓусекторски предизвик, кој ги спојува

[101] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3diD7Vx. Стр. 28.

[102] Интервју со Васко Маглешов, новинар во редакцијата на Призма/БИРН, спроведено преку е-пошта, 2.04.2021.

[103] ЗНМ (2019) „Протокол за соработка помеѓу ЗНМ и МВР“, објавен во декември 2019 година, https://znm.org.mk/potpishan-memorandum-so-mvr-za-bezbedn/

новинарските организации, новинарите, фоторепортерите, адвокатите, судиите и извршната власт.“[104]

Во однос на судската пракса, може да се истакнат пресудите во судските случаи, во кои една од странките е новинар, кога судиите се повикуваат на пресудите од Европскиот суд за човекови права. Ова говори за унапредување на судската пракса на теми што се однесуваат на медиумската сфера. Инаку, од сите судови, треба да се издвои Основниот граѓански суд, како единствен што води неформален регистар за делата клевета и навреда.[105]

## 10. ЗАКЛУЧОК

Власта треба да овозможи услови и околина во која новинарите и медиумските работници ќе можат безбедно и непречено да ги практикуваат правата и слободите со цел на граѓаните да им обезбедат пристап до квалитетни, целосни и професионални информации. Првиот предуслов е постоењето функционална законска регулатива, која ќе овозможи соодветни гаранции за професионално извршување на обврските на медиумските работници во практиката, усогласена со европските стандарди.

Во однос на безбедноста на новинарите и медиумските професионалци беше анализиран Кривичниот законик, во кој беа иницирани измени што треба да придонесат кон системско унапредување на безбедноста и запирање на политиката на неказнивост кон сторителите на дела кон нив. Заложбите на новинарската заедница резултираа со предлог за измени и дополнувања на Кривичниот законик, кои се очекува да бидат усвоени во текот на 2021 година, според кои ОЈО ќе може да постапува по службена должност за дела во кои е загрозена безбедноста или правата на новинарите или медиумските професионалци, а ќе биде воведен и квалифициран облик за неколку дела, вклучително и за убиство, за кои казните се поголеми. Едно од барањата на новинарските здруженија,

[104] Пашоски, Д. (2021) „Како Законот за авторско право влијае врз работата на медиумските работници“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Analiza_avtorski-prava_fin.pdf. Стр. 15.

[105] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3diD7Vx. Стр. 25

кои останаа неадресирани со предлог-измените, се однесуваат на воведување нови кривични дела за говор на омраза, меѓутоа и Обвинителството и Министерството за правда сметаат дека ова е комплексно прашање, за што е потребно внимателно постапување.

За Обвинителството и за МВР, а оттука и за новинарите што се предмет на закани и напади, голем проблем претставуваат кривичните дела сторени преку онлајн-медиумите, кога медиумот нема импресум, па Обвинителството мора да бара информации од единицата за борба против компјутерскиот криминал и дигитална форензика на МВР, што најчесто е безуспешна. Постапувањето на двете институции во овие ситуации е некоординирано, бавно и најчесто без резултат.

Што се однесува до најавите за враќање на државното рекламирање, кое беше укинато во 2017 година, медиумската заедница ја оценува оваа можност како закана за независноста на медиумите и за медиумскиот пазар, на кој веќе има прилив на средства од Буџетот. Јавните кампањи во приватни медиуми се покажаа како исклучително штетна пракса во минатото, кога беа користени како механизам за купување на наклонетоста на медиумите. Од аспект на нарушување на независноста на медиумите, беше анализирано и финансирањето на јавниот сервис МРТ, кој се соочува со институционални пречки, со оглед на тоа што не му се исплаќаат во целост законски предвидените средства. Ова ги става во неповолна економска ситуација вработените во јавниот сервис и ја доведува во прашање неговата одржливост, особено во ситуација кога МРТ ги проширува своите програмски сервиси. Со нередовното и несоодветно финансирање на МРТ се нарушува концептот на финансиска независност на јавниот сервис, што е еден од двата предуслова за слободни јавни сервиси.

Можноста изборното претставување на партиите во медиумите да се финансира со јавни пари претставува проблематично решение во Изборниот законик бидејќи може да влијае врз независноста на уредувачката политика и слободата на медиумите. Експертската јавност апелира да се преиспита овој начин на финансирање на политичкото рекламирање на партиите во предизборните кампањи, иако кај политичките партии постои своевиден консензус околу ова прашање. Недоследноста на законската регулатива во

однос на дефинициите и правилата за политичкото рекламирање се протега низ неколку закони, што налага сеопфатна дебата за усогласување и конзистентност на одредбите низ регулативата. Дополнително, можноста интернет-порталите да бидат дел од медиумите преку кои може да се реализира изборното рекламирање на партиите отвора нови проблеми, прво, поради непостоењето критериуми кои интернет-портали може да се пријават во регистарот на ДИК, а потоа и поради капацитетите на Комисијата за верификација на пријавените.

Со предложените измени со Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда ќе се намалат износите за надомест на штета и дополнително ќе се уреди одговорноста за клевета, што е во согласност со барањата на новинарската заедница. Прифаќањето на овие измени ќе значи дополнително намалување на притисоците што претставниците на центрите на моќ може да ги прават кон медиумите или кон новинарите.

Со оглед на тоа дека авторските права се еден од горливите проблеми во медиумската сфера поради нивното постојано прекршување, особено во онлајн-медиумите, експертската јавност посочува во Законот за авторско право и сродни права прво да се прецизираат одредбите за заштита на новинарските трудови како авторски дела. Во однос на актуелното прашање што се однесува на делата создадени во работен однос, се препорачува материјалните права да му припаѓаат исклучиво на авторот, наместо на работодавачот, како што тоа е сега случај. Сегментот на колективните авторски права и управувањето со нив треба да се допрецизира, за што компаративни анализи посочуваат на функционални примери од регионот.

Законот за медиуми беше разгледуван од аспект на интернет-порталите, кои се наметнуваат како проблем во изминативе години во други закони, но и во практиката. Тие не се дефинирани во Законот за медиуми, но, според експертите, не треба да се прави разлика меѓу традиционалните и онлајн-медиумите, така што законите што важат за едните, треба да важат и за другите. Пререгулацијата на интернет-сферата е спротивна на европските стандарди, а со постојните закони веќе е поставена рамка, во која може да функционираат и интернет-порталите. Медиумската заедница треба да ги поддржи саморегулаторните механизми како начин на кој

може да се одржат и поттикнат професионалните стандарди кај интернет-медиумите.

Освен законските гаранции за безбедноста на новинарите и на медиумските работници, неопходна е и институционална поддршка и политичка волја за доследно спроведување на регулативата. Во практиката, одредени сегменти од системот сè уште потфрлаат во ажурноста и во ефективноста при процесирање случаи во кои се вклучени новинари, поради што степенот на неказнивост на нападите сè уште е многу висок. Оценките на медиумските експерти се дека „во кругот што го формираат МВР, ЈО и судовите, речиси секогаш затајува барем една од овие три институции."[106] Најчесто критикувани од аспект на расчистување на нападите врз новинарите се МВР и Јавното обвинителство, меѓу кои постои „извесна некоординираност и слабост во меѓуинституционалната комуникација". Поради тоа, истрагите траат предолго, дури и кога се работи за очигледни предмети што лесно можат да се докажат.

Јавното обвинителство ја посочува и потребата од системска поддршка во работата, како што е недостиг од јавни обвинители, стручни соработници, записничари, информатичари, доекипирање и опремување на Истражните центри, како и зголемување на буџетот.[107]

Судовите се уште една слаба алка во системот бидејќи им недостига континуирана и дополнителна едукација за темите поврзани со слободата на медиумите и слободата на изразувањето, иако има повеќе судии што се специјализирани во областите, како на пример клевета и навреда, или што се повикуваат на праксата на Европскиот суд за човекови права. Во прилог на оваа оценка се судските пресуди со кои беа отфрлени тужбите на новинарите што тужеа за попречување на правото на информирање на граѓаните од Собранието на 27 април 2017 година.[108]

---

[106] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3a6NjOK. Стр. 23-24.

[107] ОЈО (2021) „Достава на податоци во однос на прашањата испратени до ЈО од страна на ЗНМ", 05.04.2021.

[108] Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3ahjElX. Стр. 28.

## ПРЕПОРАКИ

### *За носителите на одлуки*

1. Потребно е Собранието да ги донесе измените и дополнувањата на Кривичниот законик, со кои ќе му се овозможи на Јавното обвинителство да постапува по службена должност при напад на новинари и медиумски професионалци, како и измените што предвидуваат воведување квалифицирани кривични дела, кои ќе важат и за новинари и за медиумски професионалци. Овие измени се во согласност со заложбите на новинарската заедница за брзо и ефективно процесирање на насилството против новинари и медиумски професионалци.
2. Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи треба да ги разгледаат сугестиите на новинарските здруженија за измени на Кривичниот законик и Законот за кривична постапка за дополнување, што би придонеле кон одвраќање на потенцијалните сторители на сериозни закани и напади насочени кон новинари и медиумски професионалци во иднина.
3. Членот 102 од Законот за АВМУ треба да се допрецизира, така што јасно ќе се ограничат можностите медиумите да добиваат средства од Буџетот, на национално и на локално ниво или од јавните претпријатија, за огласување или за промотивни активности на институциите, преку кој било механизам или која било основа.
4. Министерството за информатичко општество и администрација треба да овозможи непречено, редовно и целосно финансирање на ЈРС МРТ согласно Законот за АВМУ, со цел да се овозможи негово стабилно функционирање, поголема независност и натамошно развивање. Финансиската стабилност е еден од основните предуслови за слободен и независен јавен сервис.
5. Релевантните институции, пред сè, Министерството за правда, треба да отворат дебата со цел да се преиспитаат одредбите за медиумско претставување на политичките партии во Изборниот законик, особено во делот со кој се овозможува директно покривање на трошоците на медиумите од Буџетот, со оглед на можностите за создавање политичко-клиентелистички

релации меѓу политичките партии и медиумите, што може да ја нарушат независната уредувачка политика и слободата на медиумите.

6. Релевантните институции треба да отворат сеопфатна дебата за одредбите во неколку закони што се однесуваат на политичкото и државното рекламирање (Изборен законик, Закон за референдум, Закон за АВМУ), со цел преиспитување на нивната функционалност и ефективност, како и заемно поврзување и усогласување.
7. Потребно е Собранието да ги усвои предлог-измените и дополнувањата на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда со кои се допрецизира одговорноста за клевета и се предвидува намалување на износите за надомест на штета, кои се во согласност со заложбите на новинарската заедница. Ова би придонело кон третирање на пресудата како симболична сатисфакција за тужителите, односно симболична опомена за новинарите, уредниците и за издавачите на медиуми.
8. Законската рамка, која важи за традиционалните медиуми, важи и за интернет-медиумите, но неопходна е конзистентна, усогласена и доследна примена на законите во практиката од страна на институциите. За прашањата што се однесуваат на чувствителни теми (пр. говор на омраза, дискриминација, авторски права, клевета и навреда, права на децата), неопходно е да се овозможи примена на одредбите од релевантните закони, која ќе важи, како за традиционалните, така и за онлајн-медиумите.
9. Министерството за култура, заедно со медиумските здруженија, синдикалните и релевантните здруженија од областа и други засегнати страни, треба да отвори јавна дебата за допрецизирање на повеќе одредби од Законот за авторски права и сродни права што се однесуваат на: идентификување и дефинирање на новинарските авторски трудови, авторските права создадени за време на работен однос, колективните права и управувањето со нив, намалувањето на судските трошоци во судските постапки за авторските права и други релевантни прашања.

### *За институциите*

1. Потребни се континуирани обуки и унапредување на соработката помеѓу новинарите, адвокатите, судиите и обвинителите на теми поврзани со слободата на медиумите и слободата на изразување на новинарите и судските случаи за напади врз новинари.
2. Во соработка со новинарските и медиумските здруженија, потребно е постојано унапредување на знаењето и стручноста на судиите за специфични теми поврзани со работата на медиумите и новинарите (на пр. за темите авторски права или клевета и навреда) преку дополнителни обуки, особено со оглед на малата судска пракса во одредени области.
3. Во соработка со новинарските и медиумските здруженија, ЗНМ и Советот за етика во медиумите на Македонија, потребно е да се организираат обуки за судиите и за јавните обвинители за теми поврзани со етичките и професионалните стандарди во новинарството, со што ќе им се доближи суштината на новинарската професија и ќе можат подобро да се запознаат со концептот на јавниот интерес во новинарското известување.
4. Потребно е зајакнување на кадровските и техничките капацитети на Јавното обвинителство во насока на зголемување на неговата експедитивност при спроведувањето на постапките, вклучително и оние во кои има новинари и медиумски професионалци.
5. Треба да се унапреди праксата, процедурите и меѓусебната координација на Јавното обвинителство и на Министерството за внатрешни работи за процесирање напади на новинари и медиумски работници преку онлајн-медиумите и социјалните мрежи, со цел брзо и ефикасно пронаоѓање на сторителите и отворање постапки против нив.

### *За граѓанските организации*

1. Медиумската заедница треба да ги поддржи саморегулативните механизми, кои можат да го поттикнат и унапредат придржувањето до етичките и професионалните стандарди на интернет-медиумите, со што во повеќе ситуации ќе се намали потребата да реагираат институциите.

2. Новинарската и медиумската заедница треба да спроведува кампањи за кревање на јавната свест во медиумската заедница, но и во пошироката јавност за важноста на прашањата поврзани со безбедноста на новинарите и медиумските професионалци и слободата на медиумите.
3. Неопходни се обуки на новинарите и медиумските професионалци за специфични прашања поврзани со безбедноста и заштитата на нивните права пред институциите.
4. Новинарските и медиумските здруженија треба да ја зајакнуваат соработката со институциите со цел создавање механизми за ефективна заштита на новинарите и медиумските професионалци.

## Користена литература:


1. АВМУ (2020) „Анализа на пазарот на аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година“, Скопје: АВМУ, https://bit.ly/3aaYbev.
2. Апостолов, В. и Трпковски, Г. (2020) „Порталите и парите пред избори: Гужва пред гол“, објавено на Призма/БИРН, 07.03.2020, https://prizma.mk/portalite-i-parite-za-izbori-guzhva-pred-gol/
3. Богданов, К., Брешковски, И. и Секуловски, Д. (2020) „Подобрување на безбедноста на новинарите преку измена на Кривичниот законик“, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3slkLHA
4. Брешковски, И., и Марковски, И. (2018) „Влијанието на Законот за авторско право и сродни права врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници – практики и препораки“, Скопје: КАС и ЗНМ, www.znm.org.mk
5. ЗНМ (2018) „Анализа: Пресуди за клевети и навреди на судски предмети со новинари“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/analiza-presudi-za-kleveti-i-navredi-n/
6. Георгиевски, Д. (2020) „Навредата и клеветата како дел од медиумските реформи“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Navredata-i-klevetata-1.pdf.
7. ЗНМ (2020) „Најавени законски измени за поголема безбедност на новинарите“, Скопје: 2020, https://bit.ly/3timsqE.

8. ЗНМ (2020) „Принципиелни барања на ЗНМ за измена и дополна на Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда (ЗГОНК) на ЗНМ“, Скопје: 2020.
9. ЗНМ (2020) „Работењето на професионалните медиуми на удар на плагијаторството“, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3wTQVgT
10. ЗНМ (2021) „Уште една срамна пресуда за новинарите за настаните од 27 април“, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/2QgWaqD
11. ЗНМ, ССНМ, МИМ и ССНМ (2021) „Јавните кампањи во медиумите треба да се бесплатни“, Скопје, https://bit.ly/2OPMJ0y.
12. ЗНМ (2019) „Протокол за соработка помеѓу ЗНМ и МВР“, објавен во декември 2019 година, https://znm.org.mk/potpishan-memorandum-so-mvr-za-bezbedn/
13. Иванов, З. и Марковски, И. (2019) „Хроника за (не)безбедност на новинарите“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/web-MK-hronika-za-ne-bezbednosta-na-novinarite.pdf.
14. Јовановска, М., и Цветковска, С. (2020) „Државни пари за изборни информациски војни“, објавено на ИРЛ.мк, 23.07.2020, https://irl.mk/drzhavni-pari-za-izborni-informatsiski-voni/.
15. Мрѓа, Д., Муртези, Е. и Беловска, Х. (2019) „Нападите врз новинарите и медиумските работници на 27 април 2017 година“, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Napadi-27-april.pdf
16. Митевска, М., „Да не се случи повторно државен поткуп на медиумите“, Радио Слободна Европа, https://bit.ly/2OKafvJ; https://irl.mk/kako-zaev-na-golema-vrata-protnuva-gruevistichki-retsept-za-mediumski-potkup/
17. Небиу, Б., Селмани, Н., Секуловски, Д. и Наумовски, Н. (2018) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2017, Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Pokazateli-na-stepen-na-sloboda.pdf.
18. Никодиноска, В. (2020) „Политичка и економска основа на медиумските и на комуникациските модели што шират дезинформации и говор на омраза“, Скопје: МИМ, https://

mim.org.mk/attachments/article/1230/Mediumski%20i%20komunikaciski%20modeli%20koi%20shirat%20dezinformacii%20i%20govor%20na%20omraza.pdf

19. ОБСЕ/ОДИХР, „Специјална мисија за проценка на избори Република Северна Македонија – Предвремени парламентарни избори", 15 јули 2020, https://www.osce.org/files/f/documents/8/2/457426.pdf
20. ОЈО (2020) „Информација за оформени предмети во кои како оштетен субјект или жртва се јавува новинар", 6.10.2020.
21. Пашоски, Д. (2021) „Како Законот за авторско право влијае врз работата на медиумските работници", Скопје: ЗНМ, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Analiza_avtorski-prava_fin.pdf.
22. Репортери без граници (2020) Индекс на слободата на медиумите, https://rsf.org/en/north-macedonia
23. Секуловски, Д. и Сулејман, Д. (2020) Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2019, Скопје: ЗНМ, https://bit.ly/3a6NjOK.
24. ССНМ (2017) „ССНМ: Авторските права мора да се почитуваат", објавено на: Академик.мк, 14.12.2017 година, https://akademik.mk/ssnm-avtorskite-prava-mora-da-se-pochituvaat/?fbclid=IwAR0c5ESYV0R9-mOJUgOhBZPM5pnFSOFuQ43Qb-02mf8eu4Ul3vsfJ-Aqs7g
25. Трпевска, С. и Селмани, Н. (2018) „Компаративна анализа на политичкото огласување во медиумите", Скопје: КАС и ЗНМ, https://resis.mk/attach/komparativna-politicko-oglasuvanje.pdf. https://resis.mk/attach/komparativna-politicko-oglasuvanje.pdf.
26. Центар за развој на медиуми, „Бесплатна правна помош за новинари и за медиуми", Скопје: ЦРМ, http://mdc.org.mk/besplatna-pravna-pomos
27. 360 степени (2020) „Емил Јакимовски доби затвор од 20 месеци и задолжително лекување во Бардовци", 16.03.2020, https://360stepeni.mk/emil-jakimovski-dobi-zatvor-od-20-mesetsi-i-zadolzhitelno-lekuvane-vo-bardovtsi/.

28. CMEM (2017) „Self-regulation or Regulation of Internet Media in Macedonia", Skopje: CMEM, https://semm.mk/attachments/SELF-REGULATION-OR-REGULATION-OF-INTERNET-MEDIA.pdf.
29. IREX (2019) MSI 2019, https://www.irex.org/sites/default/files/pdf/media-sustainability-index-europe-eurasia-2019-north-macedonia.pdf.
30. European Commission (2020) „North Macedonia 2020 Report", Brussels: EC, 6.10.2020, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf
31. US Department of State (2020) „2020 Country Report on Human Rights Practices: North Macedonia",30.03.2021, https://www.state.gov/reports/2020-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/
32. Saracini, P., (ed.) et all. (2015) „Macedonia in the digital age – between the rights and responsibilities in the Internet communication", Skopje: MIM, http://mim.org.mk/attachments/article/853/MIM_Analiza_mk.pdf.

**Закони:**

1. Закон за авторско право и сродни права, Службен весник на Република Македонија, бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16
2. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, https://avmu.mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%B0%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%BE-%D0%B8-%D0%B0%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D1%83%D0%B5%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC/
3. Закон за медиуми, https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_mediumi_mkd.pdf
4. Изборен законик, https://avmu.mk/%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA/

5. Министерство за правда (2020) Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=6143
6. Предлог — закон за измени на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=58871

## Интервјуа:

1. Интервју со Васко Маглешов, новинар во редакцијата на Призма/БИРН, спроведено преку е-пошта, 2.04.2021.
2. Интервју со Христина Беловска, новинар во Истражувачка репортерска лабораторија, спроведено преку е-пошта, 2.04.2021.
3. Интервју со Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда, спроведено на 29.03.2021, онлајн.
4. Основно јавно обвинителство достави податоци и информации во однос на прашањата испратени од страна на ЗНМ, 05.04.2021.
5. Интервју со Снежана Трпевска, претседателка на Институтот Ресис, спроведено на 23.03.2021 онлајн.
6. Интервју со Дејан Георгиевски, претседател на Центарот за развој на медиуми, спроведено на 24.03.2021 онлајн.



ЗНМ
Здружение на новинарите на Македонија

https://znm.org.mk/

SINDIKAT MEDIJA Crne Gore

https://sindikatmedija.me/

IJAS PRESS
INDEPENDENT JOURNALISTS ASSOCIATION OF SERBIA

http://www.nuns.rs/ево

BHN · БХН

https://bhnovinari.ba/